РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-838/2
26.01.2018 год.
СКОПЈЕ

Друштво за инженеринг, проектирање и консалтинг
ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО увоз-извоз
Бр. 08-167/1
26.01.2018 год.
Скопје

# АНЕКС 1 НА ДОГОВОРОТ

**за вршење на стручно – технички надзор при изградба на ООУ „Кирил и Методиј" ПУ с.Фалише - Тетово**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**, ул.„Св.Кирил и Методиј" бр.54, 1000 Скопје, Република Македонија, застапувано од министерот за образование и наука Рената Дескоска (во понатамошниот текст „Корисник на услуги") од една страна, и

**Евро Консалтинг ДОО Скопје**, со седиште на ул. „Петко Јанчевски" бр. 41-а Скопје, застапувано од управителот Марјан Иванов (во понатамошниот текст „Давател на услуги") од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој Анекс 1 на Договорот за вршење на стручно – технички надзор при изградба на ООУ „Кирил и Методиј" ПУ с.Фалише - Тетово е изменување на рокот за времетраење на Договорот, определен во основниот Договор за вршење на стручно – технички надзор при изградба на ООУ „Кирил и Методиј" ПУ с.Фалише - Тетово, заведен со архивски број на Корисникот на услуги 19-1055/24 од 28.03.2017 година и архивски број на Давателот на услуги 08-393/2 од 28.03.2017 година.

Овој Анекс 1 на Договор се склучува согласно член 22 од основиот Договор, а со цел да се овозможи понатамошно непречено исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од основниот Договор.

Давателот на услуги има доставено барање за продолжување на рокот за времетраење на Договорот со допис заведен со архивски број 10-838/1 од 24.01.2018 година.

**Член 2**

Членот 3 од основниот Договор се менува и гласи:

„Времетраењето на договорот е 13 (тринаесет) месеци од денот на склучување на Договорот.

Рокот за вршење на стручно технички надзор може да се промени доколку се промени рокот за изведба на објектот.

За времетраењето на Договорот од став 1 на овој член, продолжено за 30 (триесет) дена, Давателот на услуги, во рок од пет дена од потпишувањето на овој Анекс 1 на Договорот, задолжително доставува банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на Договорот во висина од 10% од вкупната вредност на Договорот со вклучен ДДВ.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување се поднесува во оригинална форма."

**Член 3**

Останатите одредби од основниот Договор за вршење на стручно – технички надзор при изградба на ООУ „Кирил и Методиј" ПУ с.Фалише - Тетово, останууваат непроменети.

**Член 4**

Овој Анекс 1 на Договорот за вршење на стручно – технички надзор при изградба на ООУ „Кирил и Методиј" ПУ с.Фалише - Тетово влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 5**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**КОРИСНИК НА УСЛУГИ,**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕР,**
**Рената Дескоска**

**ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ,**
**ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО СКОПЈЕ**

**УПРАВИТЕЛ,**
**Марјан Иванов**

Изготвил: Горан Тодороски
Прегледал: Милка Масникоса
Одобрил: Анета Трпевска